**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-119/38
Датум: 25.1.2017 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, а на барање од Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Наставно-научниот совет на седницата одржана на 25.1.2017 год. донесе

# ОДЛУКА

за определување соодветни предмети за матура

1. За запишување на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје на Конкурсот за запишување на студенти во прва година во учебната 2017/2018 година, соодветни се следниве предмети од државна матура:

**Екстерни предмети:**

- задолжителен предмет: мајчин јазик (македонски јазик и литература, албански јазик и литература или турски јазик и литература),
- прв изборен предмет: математика (основно или напредно ниво) или странски јазик,
- втор изборен предмет: еден од изборните екстерни предмети задолжително е математика,
- **Интерни предмети за гимназија:**
- без ограничување

**Интерни предмети за средни стручни училишта:**

- без ограничување.

2. Матурантите кои ќе полагаат напредно ниво математика како екстерен предмет, ќе имаат еднаков третман во однос на освоените поени како и оние кои полагале основно ниво математика.

3. Одлуката да се достави до: ННС, УКИМ, веб страницата на ФЕИТ, ЦНС, Студентската служба и архивата на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Димитар Ташковски